**ПРЕДЛОГ**

**ЗАПИСНИК**
**од 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 17.05.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АВМУ, Селвер Ајдини заменик на претседателот на Советот на АВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**:

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (службено патување).**

**Раководителката на Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска, го заменуваше директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по овластување бр.03-4932/1 од 31.12.2021 година.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни**: /

Г-дин Петрушевски ја отвори 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 10:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.05.2022 година.
2. Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО бр.08-234 од 30.04.2019 година.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата поради технички причини го одложи усвојувањето на Предлог-записникот од 18-та седница одржана на 16.05.2022 година.

**Точка 2**

Раководителката на Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска објасни дека на 18-та седница одржана на 16.05.2022 година, беше покрената постапка за одземање на дозволата на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга поради неплатен годишен надоместок за дозволата за радио емитување. Во текот на вчерашниот ден радиодифузерот уплатил 285,490.00 денари и со тоа неговиот годишен надоместок за дозвола е платен во целост. Од овие причини предлага запирање на покренатата постапка за одземање на неговата дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга, бр.08-234 од 30.04.2016 година.

На 16.05.2022 година наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 285.490,00 (двестеосумдесетипетилјадичетиристотиниидеведесет) денари со што годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-2019/3

20-05 **2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**